# БИЛТЕН

## БРОЈ 20/23



27.12.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на наставник во сите насловни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Скопје, на 232-та седница одржана на 15.11.2023 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник ,,Вечер“ од 20.09.2023 година, со Одлука бр. 02 – 1021/1 формира Рецензентска комисија за избор на **наставник во сите насловни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација)** - во состав: редовен професор д-р Јана Манева – Чупоска – претседател, редовен професор д-р Гордана Вренцоска, член, вонреден професор м-р Благојче Наумоски - член.

На распишаниот конкурс за избор на **наставник во сите насловни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација)** се пријави кандидатката **м-р Даниела Димитровска**. Кандидатката, согласно распишаниот конкурс, достави Пријава по конкурс, Биографија со соодветни податоци, Уверение за завршен 1 циклус студии, Уверение за завршени студии од 2 циклус, Диплома за стекнат степен/назив магистер, Уверение за државјанство и Извод, Доказ за познавање на странски јазик и Портфолио со објавени уметнички, стручни дела.

По разгледување на поднесените документи на кандидатката, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Даниела Димитровска е родена на 10.07.1984 година во Скопје, Р. Македонија.

**Образование**

| | |
|---|---|
| **2019** | Магистер по ликовни уметности од област Вајарство, Факултет за ликовни уметности во Скопје, Универзитет „СВ. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **2010** | Педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при универзитетот „СВ. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **2014** | Дипломиран вајар со моден дизајн на Факултетот за ликовни уметности во Скопје при Универзитетот „СВ. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **2003** | Ликовен техничар за керамика и стакло, Завршено школување во државното средно училиште по применети уметности „ Лазар Личеноски“ во Скопје |
| 2001 | Диплома за завршен курс по кроење и шиење во Работнички Универзитет Кочо Рацин, Скопје 2001 година |

**Компјутерски вештини**

Компјутерски образована во следните програми: Microsoft Office, Word, Excel, Corel Draw, Adobe Illustrator, Adobe Photoshop

**Технички вештини**

- изработка на бази и моделирање на шаблони за облека
- развој на сопствена методологија за изработка на корсет

**Обуки**

- Комуникациски и презентациски вештини - Triple s Learning, 17-18.12 2010 год.
- Интерен оценувач за ISO 9001:2008 - Food Consulting - 19.12.2010
- Менаџирање со ЕУ проекти - Consulting Macedonia, фев-март 2011 год.
- Воведување на HACCP систем - Food Consulting - 2011 год.
- Трудово право и заштита при работа - Cosmo - 22.10.2011
- Обука ISO/IEC 17021:2011 - training seminar , ISRM/EU , 18,19.01.2012
- Учество на работилница Growing Together -Young Entrepreneurs , Загреб, 25-26 април 2013
- Обука -Емоционална интелегенција во продажба, ИЗВОР и Macedonia Export , хотел Порта -јуни 2013
- Обука за компјутерско работење, Алгоритам, 2021

**Јазици**

Македонски, англиски

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Доцент по група стручно-уметнички предмети од област Ликовна уметност и дизајн на Европски универзитет при Факултетот за арт и дизајн, во академската 2022/23.

-Предмети во прв и втор циклус: Моделирање и кроење, Техники на шиење, Колекција 1, Дизајн проект, Индустриски дизајн 2, Моден дизајн 1, Моден дизајн А, Моден дизајн 1 (2 ц).
-Учество во комисија за подготовка на елаборатот за реакредитација на студиските програми на ФАД, и учество во АРТ ХЕПЕНИНГ 2023 – во организација на хепенинг со студентите од прва година на ФАД.
-Учество во комисија за одбрана на дипломски труд на Стефанија Фидановска.

Асистент по стручно-уметнички предмети од областа на Ликовна уметност и дизајн на Европски универзитет, Факултет за арт и дизајн во Академската 2021 / 2022 година.

**Предмети:**
Цртање, Техники на цртање, Сликање, Техники на сликање, Моделирање, Основи на моден дизајн, Модна илустрација, Моделирање и кроење, Колекција 1 и 2, Моден дизајн 1 и 2.

-Учество во подготовките за самостојната изложба на студентката Вероника Љоровска во Галерја КО-РА, Скопје.
-Присуство на Хуманитарниот настан „Среќа е да сме сите заедно“
-Учество во подготовките на „ИМАГИНАРИУМ“ – Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн 2021/2022, Европски универзитет Скопје;
-Активно учество во работата на Катедрата за моден дизајн;
-Учество во подготовката на студентската модна ревија Graduation Fashion Show, Градски парк Скопје.
-Присуство на Наставно-научните совети на Факултетот за арт и дизајн.

## 3. СТРУЧНО-ПРИМЕНЕТА ДЕЈНОСТ

### Професионално искуство

- **Сопственик и моден дизајнер** – студио за моден дизајн ДАНИ АРТ ДИЗАЈН 2023
Дизајн и реализација на модни креации за индивидуални клиенти и компании/брендови. Костимографија за современи танци.

- **Моден дизајнер** - тековна соработка со модна компанија во Мека, Саудиска Арабија, дизајн и изработка на продажни модели
- Дизајн на креации за потребите на промотери за Whiskey Fest

- **Моден дизајнер** во сопствено студио од 2018 година:
  - скици и реализација на продажни модели за Македонија и странство
  -учество со сопствен дизајн на фустани за Bridal Night - за потребите на генералниот спонзор Моет
  - скици и реализација на први модели за модни брендови во државата
  - изработка на модели за клиенти

- **Моден дизајнер** во Елена Лука во периодот од 2013 до 2014 и 2017 до 2018 со задачи:
  - идејни решенија, скици за нови колекции на женска облека
  - скици за секојдневни продажни модели
  - технички цртеж со спецификација на материјал за производство
  -комуникација со клиенти и склучување на договор за изработка на свечени модели
  - драпирање свечени модели на кукла
  - компјутерска изработка на скици, припрема за дигитален принт и сито штампа на материјал

- **Управител** на приватна фирма Феникс Доо- Друштво за развој и квалитет,Скопје од ноември 2009 до 2017 година

- Воведување на меѓународни стандарди во повеќе компании во Р.Македонија,
- Учесник како член на сертификациски проверки.

## 4. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

### Самостојни изложби

- Самостојна изложба ИГРА 2008 година, МКЦ, Скопје
- Самостојна изложба АНАТОМИЈА НА ВРЕМЕ, 2009 год. Музеј на град Скопје и Дом на Култура Велес 2010 година

### Изложби и натпревари

- Групни изложби на студентите од 2004 до 2007 година
- Групна изложба Пет на куб, 2005 година, МКЦ Скопје
- Учество на проект со жени автори по повод 8 Март, Асоцијација за култура ИКОН, 2009 год, Музеј на град Скопје
- Групна изложба на Дојрански средби 2009 год, Општина Дојран
- Групна изложба Пет на куб,2009 година, Арт Институт

- Учество во Уметничка работилница поддржана од страна на Амбасадата на Кралството Холандија, Хотел Александар Палас
2010
- Учество на меѓународен натпревар на оркестри во Москва - Гран При награда на мандолинскиот оркестар Скопје, Москва-мај 2013
- Учество на светски натпревар за изведувачи на корсети, освоено петто место според гласови на страната на Корсет Академија- 2020 година

## 5. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Прогласена за најдобар студент на генерација од насоката вајарство во класата на Професор Ибрахим Беди

## 6. РЕЦЕНЗИЈА

По согледување на доставената документација на кандидатката, Рецензионата комисија заклучува дека:

Врз основа на приложената биографија од страна на кандидатката, се забележува дека има повеќегодишно образование од областа на ликовната уметност и дизајнот, има искуство во наставно-образовната дејност на високото образование како асистент и доцент по Ликовна уметност и дизајн; нејзината забележителна уметничка дејност со фокус на скулптурата, достигнувањата во областа на модниот дизајн преку работата во реномираната модна куќа „Елена Лука“ и сопственото студио „Дани Арт Дизајн“ преку кое веќе соработува со домашни клиенти и со странски компании; како и искуството во областа на менаџментот и стандардизацијата на квалитетот, кои ја потврдуваат нејзината професионална определба и кредибилитет. Кандидатката својата едукативна едукација ја надополнила со педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“ при универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Оваа педагошка доквалификација е важна за успешна реализација на наставните активности на Факултетот за арт и дизајн.

Од нејзиното творечко портфолио се истакнуваат креативноста, одличните цртачки вештини, владеењето со обработка и моделирање на формите, работата со различни видови на материјали, како во областа на ликовната уметност, така и во областа на дизајнот, особено модниот дизајн. Комисијата смета дека кандидатката е способна успешно да ги пренесе своите вештини и знаења во изведувањето и спроведувањето на наставната дејност.

## 7. КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирала кандидатка со биографија во која се потврдува следново:

- кандидатката дипломирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје и се стекнала со назив Дипломиран вајар со моден дизајн;

- кандидатката магистрирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје, со што се стекнала со назив Магистер по ликовни уметности од област вајарство, 60 ЕКТС;

- кандидатката остварила просечен успех од 9,62 на првиот, и 10.00 на вториот циклус студии;

- кандидатката била прогласена за најдобар студент на генерација од насоката вајарство во класата на Професор Ибрахим Беди;

- кандидатката има педагошка доквалификација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје при универзитетот „СВ. Кирил и Методиј“ во Скопје;

- кандидатката има искуство во наставно-образовната дејност како асистент и доцент по Ликовна уметност и дизајн;

- кандидатката реализирала три самостојни изложби и била дел од повеќе групни изложби во нашата земја и надвор од неа;

- кандидатката има професионално искуство од областа на модниот дизајн, со активности во земјата и странство;

- кандидатката има искуство од проектниот менаџмент;

- кандидатката посетувала повеќе стручни обуки;

- кандидатката доставила доказ за понавање на англиски јазик;

Кандидатката има познавање на компјутерски вештини потребни за областа на дизајнот;

- кандидатката м-р Даниела Димитровска ги исполнува условите за избор во **насловно звање доцент по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација).** Стручно-уметничките предмети се определени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн.

## 8. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања по група стручно–уметнички предмети од областа **Ликовна уметност и дизајн** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје, објавен на 20.09.2023 во весникот „Вечер“, се пријави една кандидатка **м-р Даниела Димитровска.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатката, согледувајќи го нејзиното стекнато високо образование, наставно-образовната, стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност, кандидатката **м-р Даниела Димитровска** ги исполнува критериумите за избор во насловно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн, согласно член 164, член 167, член 172 и 175 став 1 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ” бр.82/18).

Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Скопје да ја избере кандидатката **м-р Даниела Димитровска** во наставно-научно звање **Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн**, согласно член член 175 став 1 и 182 од Законот за високо образование („Сл.весник на РМ” бр.82/18).

Скопје, декември 2023 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јана Манева, Чупоска, претседател**

**Проф. д-р Гордана Вренцоска, член**

**Проф. м-р Благојче Наумоски, член**